Друштво за комуникациски услуги
А1 Македонија ДООЕЛ Скопје
Бр. 10-2451/1
15 -05- 2020
Скопје

Министерство за финансии на Р.С.Македонија

Ул. Даме Груев бр.12
1000 Скопје

**Предмет** – Известување по однос на Законот за отпис на камати и репрограмирање на долгови и трошоци на физички лица

Почитувани,

Ви се обраќаме по однос на Законот за отпис на камати и репорграмирање на долгови и трошоци на физички лица, објавен во Службен весник на РСМ бр.31/2020 од 10.02.2020 година (понатаму – Законот), со кој се предвидува обврска за доверители во приватна сопственост за носење одлука по однос на применливост на отпис на камати, репрограмирање на долг и трошоци за наплата на долгови кон физички лица кои произлегуваат од комунални и сродни дејности.

Со овој допис сакаме најпрво да објасниме зошто согласно дадените дефиниции и обем на важење на Законот сметаме дека истиот не се однесува на А1 Македонија ДООЕЛ Скопје.

Имено, главната дејност на нашето Друштво е обезбедување на електронски комуникациски услуги, кои според одредбите и дефинициите од Законот за комунални дејности не спаѓаат во доменот на комунални услуги и не може по ниту еден основ да се подведат под терминот – комунална дејност. Од друга страна, поимот – сродни дејности, употребен во Законот во контекст на долговите на физичките лица, воопшто не е дефиниран во Член 3 од Законот и поради тоа не може да се утврди што законодавецот подразбира под тој поим, а најмалку може да се претпостави дека под тој поим се опфатени електронските комуникациски услуги.

Исто така, електронските комуникациски услуги ниту по својата суштина и начинот на нивното обезбедување не може да се подведат под дејностите кои се опфатени со Законот. Ако направиме споредба на пазарните услови под кои се обезбедуваат комуналните и комуникациските дејности, ќе се утврди дека истите дијаметрално се разликуваат.

Трговските друштва кои обезбедуват комунални дејности во најголем број случаи претставуваат природни монополи кои немаат реална конкуренција во областа на нивното дејствување и најголем дел од нив се во сопственост на државата или на едниците на локална самоуправа, при што начинот на нивното обезбедување не секогаш во целост ја следи пазарната логика. Од друга страна, сите оператори на електронски комуникациски услуги, вклучувајќи го и А1 Македонија, се приватни компании кои обезбедуваат комуникациски услуги во услови на висока конкурентност на пазарот, чии малопродажни цени ги формира конкуренцијата односно пазарните механизми на понуда и побарувачка, што е јасен показател дека таквите услуги не спаѓаат во доменот на комунални дејности ниту на сродни дејности.

Од друга страна, сакаме да ги изнесеме и причините зошто А1 Македонија немаше да ги прифати одредбите од Законот, доколку потпаѓаше под неговите одредби.

Овде особено би сакале да ги нагласиме спецификите на бенефициите кои ги обезбедува А1 Македонија за своите корисници. Голем дел од нив се одлучуваат да ги користат предностите на склучување на договори со минимално задолжително времетраење кои вклучуваат одобрување на одреден износ на средства кои им ги обезбедуваме за набавка на технички

уреди по повластена цена, односно таквите корисници добиваат субвенција изразена во одреден паричен износ кој корисникот го добива однапред и го користи за набавка на одреден производ по свој избор при склучување на претплатнички договор, додека пак други корисници се одлучуваат за набавка на технички уреди на рати кои истите ги плаќаат преку нивната месечна сметка за користени комуникациски услуги. Сите овие средства се авансирани од страна на А1 Македонија и тие се проектирани да бидат повратени од тие корисници во рамките на задолжителното времетраење на претплатничките договори од 24 месеци.

Ваквата поставност на нашето работење во комбинација со фактот што за одредени услуги нашата компанија ги плаќа трошоците пред да ги наплати од своите корисници (роаминг услуги, паркинг услуги, услуги со додадена вредност итн.) подразбира постоење на висока финансиска дисциплина на нашите корисници за да се обезбеди одржливост на бизнис моделот и бројните погодности кои се обезбедуваат за нашите корисници. Оттука, А1 Македонија овозможува одредени финансиски погодности при наплата на долг, како што е отпис на камата, но истите се обезбедуват врз основа на исполнување на одредени услови и се однесуваат само на одредени категории на должници и во одредени чекори од процесот на наплата. Таквите програми постоеја и пред донесување на Законот а ќе постојат и после него. Она што не може да се имплементира во нашето работење е модел на генерално репрограмирање на долгови и бришење на камати и трошоци како што тоа го бара Законот.

Се надеваме дека успешно ги изложивме причините зошто сметаме дека наведениот Закон не го опфаќа А1 Македонија и причините зошто не би можеле да го имплементираме Законот доколку истиот се однесуваше на нас. Наведените специфики во нашето работење мора да се почитуваат за да се обезбедат доволно средства за воведување на сите технолошки новини во областа на електронските комуникациски услуги, како и продолжување на нудењето на финансиските погодности за нашите корисници при набавка на најсовремени технолошки уреди, бидејќи за голем дел од нашите корисници тоа е единствен начин да поседуваат современи комуникациски уреди. Од овие причини операторите на електронски комуникациски услуги не треба никогаш да се ставаат во ист кош со обезбедувачите на комуналните услуги бидејќи тоа е контрапродуктивно како за аспирациите на државата за развој на дигитализацијата така и за можноста на корисниците да им се обезбедат квалитетни комуникациски услуги по прифатливи цени и услови.

Со почит,

**А1 Македонија ДООЕЛ Скопје**

Извршен директор
Методија Мирчев п.п.

Раководител за правни и корпоративни прашања
Златко Стојчески п.п.

Друштво за комуникациски услуги
А1 Македонија ДООЕЛ Скопје

Проверил и потврдил:
Директор за грижа за корисници
Димитар Димитров